Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

јануари – декември
2014

Скопје, 2015 година

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ** | 3 |
| **ЗДРАВЈЕ НА РОМИТЕ** | 6 |
| **ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ** | 15 |
| **ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ** | 26 |
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ** | 30 |
| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014** | 40 |

# ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА (КАРЦИНОМ НА ГРЛО НА МАТКА И КАРЦИНОМ НА ДОЈКА)

Во текот на 2014 година, ЕСЕ продолжи да работи на полето на мониторинг и анализа на буџети со цел зголемување на опфатот на жените со мерките за рано откривање и лекување на карциномот на дојка и карциномот на грло на матка.

Со цел да извршиме мониторинг на спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2013 година (компонентата за скрининг за карцином на грло на матка и компонентата за скрининг на карцином на дојка), во периодот февруари – март ЕСЕ подготви и испрати барања за пристап до информации од јавен карактер до сите институции кои се вклучени во имплементацијата на оваа програма. При тоа, во однос на компонентата за скрининг за карцином на грло на матка беа подготвени и испратени вкупно 139 барања до Министерството за здравство и 13 барања до јавно здравствени установи кои ја имплементираат програмата, додека за компонентата за скрининг на карцином на дојка беа испратени 224 барања до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување и 17 барања до јавно здравствени установи кои се наведени како имплементатори на програмата. Со барањата, побаравме копии од документите за програмското и финансиско работење од секој извршител на оваа програма.

По испраќањето на барањата претставници на ЕСЕ одржаа и две средби со претставници од Министерството за здравство. Средбите беа одржани на барање на Министерството за здравство за да се договори динамиката и начинот на доставувањето на бараните податоци. На средбите од страна на ЕСЕ беше побарано да бидат доставени потребните информации, а согласно на законските одредби Здружение ЕСЕ доколку е потребно ќе ги надомести трошоците за подготовка на информациите. Меѓутоа и покрај средбите и договореното, Министерството за здравство не достави одговор на ниту едно од барањата кои се однесуваа на компонентата за скрининг за карцином на грло на матка. Поради тоа согласно на законските одредби, ЕСЕ поведе понатамошна постапка за остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер, преку поднесување на жалби до Комисија за заштито на правото на пристап до информации од јавен карактер - КОМСПИ. И покрај тоа ЕСЕ не успеа да го оствари правото на пристап до бараните информации од јавен карактер. Во однос на останатите јавни здравствени установи до кои беа испратени барања, Здружение ЕСЕ доби одговори согласно поднесените барања. Добиените одговори понатаму беа предмет на анализа за спроведувањето на оваа компонента од Програмата за рана детекција на малигни заболувања.

При досегашната работа на ЕСЕ на полето на унапредување на пристапот на жените до услугите за скрининг за карцином на грло на матка, утврдивме дека една од главните пречки во пристапот е недоволниот број на матични гинеколози во Р. Македонија, а особена пречка е тоа што половина од општините во РМ немаат ниту еден матичен гинеколог. Со таа цел ЕСЕ подготви документ со предлози за опфат со скрининг за жените кои што живеат во општини каде што нема матични гинеколози. Документот беше подготвен во соработка со меѓународен експерт од областа на родово буџетирање.

По однос на компонентата за скрининг за карцином на дојка, Министерството за здравство и останатите јавно здравствени установи доставија одговор дека оваа компонента воопшто не е спроведена во текот на 2013 година.

Во донесениот предлог Буџет на РМ за 2015 година, кој беше објавен од страна на Министерството за финансии во месец септември 2014 година, увидовме дека Владата планира да го намали буџетот за Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Поради тоа, ЕСЕ подготви и достави писмени барања до Министерството за здравство, Министерството за финансии и Владата на РМ, со кои беа образложени досегашните наоди на ЕСЕ во однос на имплементацијата на оваа програма, беше приложена анализата од мониторингот за спроведување на програмата за 2012 година и беа посочени главните проблеми и недостатоци во имплементацијата на програмата. Во писмените барања, ЕСЕ од надлежните институции побара зголемување на буџетот на оваа програма и побара да не се намалува предвидениот опфат на жени со програмата за скрининг на карцином на грло на матка. Исто така, беше побарано скринингот за карцином на дојка да биде соодветно планиран и имплементиран во програмата за 2015 година. Во месец декември 2014 година, Владата на РМ ја усвои Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2015 година, при што увидовме дека планираниот опфат на жени со компонентата за скрининг за карцином на грло на матка останува ист како и во 2014 година, а намалување на буџетот има во активноста за мобилната гинеколошка амбуланта. Воедно, компонентата за скрининг на карцином на дојка бележи унапредување во однос на планирањето за нејзино спроведување, за разлика од Програмата за 2014 година.

Во периодот ноември – декември 2014 година ЕСЕ во соработка со надворешен домашен експерт подготви два документа кои се однесуваат на унапредување на скринингот за карцином на грло на матка и унапредување на скринингот на карцином на дојка. Овие документи ќе бидат искористени во процесот на застапување на унапредување на опфатот на жените со овие компоненти од програмата, кој ќе биде спроведен во 2015 година.

Преку спроведување на активностите за мониторинг и анализа на имплементацијата на Програмата за рана детекција на малигни заболувања ги постигнавме следните резултати:

- прибрани и анализирани документите за програмска и финансиска реализација на програмата од страна на јавните здравствени установи имплементатори на Програмата
- подготвен документ со предлог мерки за опфат со скрининг за карцином на грло на матка на жените кои што живеат во општини каде што нема матични гинеколози
- подготвен документ со предлог мерки за унапредување на скринингот на карцином на грло на матка во РМ;
- подготвен документ со предлог мерки за унапредување на планирањето на скринингот на карцином на дојка
- испратени наоди од мониторингот на програмата и конкретни барања за унапредување на програмата до Министерството за здравство, Министерството за финансии и Владата на РМ

# ЗДРАВЈЕ НА РОМИТЕ

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА И ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА СТУДЕНТИ И УЧЕНИЦИ

Со цел да го зголемиме опфат на децата од ромските заедници на возраст од 6 до 15 години со услуги за превентивна здравствена заштита и вакцинација, во текот на 2014 година, продолживме со примена на активностите за мониторинг и анализа на буџети, мониторинг во заедницата, социјална ревизија и мониторинг на имплементацијата на ОРИО грантот. Примената на овие методологии низ минатите години ни овозможи да извршиме влијание врз јавните здравствени институции на национално ниво, за: доследно спроведување на мерките за превентивна здравствена заштита и вакцинација предвидени со постојаните здравствени политики и програми со посебен фокус на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти; алокација на повеќе средства во буџетот за превентивна здравствена заштита и буџетот на самите програми и нивно наменско трошење; усвојување на специфични мерки за ромските заедници во јавните здравствени политики и двете опфатени програми за превентивна здравствена заштита и нивно доследно спроведување; поголема транспарентност и отчетност во спроведувањето на јавните здравствени политики и самите програми; и поголема транспарентност и отчетност во трошењето на средствата алоцирани за спроведување на активностите предвидени со двете мониторирани програми. Меѓудругото, преку примената на овие методологии, во изминатите години, ЕСЕ во соработка со ромските партнерски организации успеавме да извршиме посредно влијание врз здравствените институции на локално ниво (во повеќе општини од РМ – Ѓорче Петров, Сарај, Карпош, Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница) во насока на зголемување на опфатот на децата од ромските заедници со вакцинација и услуги за превентивна здравствена заштита, со посебен фокус на активностите предвидени во двете горенаведени програми, а наменети специфично за ромските заедници. Особено важно е да се напомене дека во изминатиот период преку континуирана техничка поддршка на партнерските ромски организации, ЕСЕ успеа да придонесе кон зголемена мобилизација на ромската заедница во општини каде делуваат партнерските организации, како и активно да учествува во креирањето на мерки за унапредување на нивното здравје на локално ниво.

Во текот на 2014 година преку активностите за мониторинг и анализа на буџети извршивме мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, Програмата за систематски прегледи на ученици и стуценти и мониторинг и анализа на буџетот за здравство, односно буџетот наменет специфично за унапредување на здрављето на Ромите.

Преку активностите за мониторинг и анализа на буџети, во текот на 2014 година, го следевме процесот на планирање и реализација на активностите и средствата од Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на студенти и ученици во текот на 2013 година, како и планирањето и трошењето на буџетот на Министерството за здравство за 2013, 2014 и 2015 година.

Во постапката за мониторинг и анализа имавме за цел да го утврдиме: прогресивноста во буџетот за превентивна здравствена заштита; континуитетот на средствата кои Министерството за здравство ги издвојува за реализација на активностите за индивидуалните програми предвидени во буџетот за превентивна здравствена заштита; континуитетот во заложбите на државата за унапредување на здравјето на децата од Ромските заедници; континуитетот и прогресивноста на буџетот наменет за спроведување на активности за превентивна здравствена заштита и вакцинација на децата Роми на предучилишна и училишна возраст; начинот и обемот на спроведување на активностите предвидени со двете мониторирани програми; степенот на искористеност и начинот на користење на средствата издвоени за реализација на активностите од двете програми итн.

Со цел да обезбедиме податоци и да го оцениме начинот на програмско и буџетско спроведување на двете програми, користевме неколку методи и техники, и тоа: мапирање и анализа на јавно достапни документи, спроведување на постапка за пристап до информации од јавен карактер и директни средби со целните институции за обезбедување на информации.

**Мапирање на јавно достапните документи.** Во текот на 2014 година, преку мониторинг на интернет страниците на јавните институции од Р. Македонија, утврдивме кои информации и документи во кои се прикажува спроведувањето на државниот буџет, буџетот за здравство и превентивна здравствена заштита, Програмите за активна здравствена заштита на мајките и децата и систематски прегледи на ученици и студенти се јавно достапни и за чиеење прибирање нема потреба од поведување на официјална постапка за прибирање на информации од јавен карактер. Мапираните документи беа предмет на анализа и од истите во текот на постапката беа издвоени податоци кои би можеле да се користат за понатамошна анализа. Важно е да се наспомене дека дел од информациите и документите кои во изминатите години и беа достапни на јавноста оваа година не се објавуваат.

Во текот на постапката на мапирање на јавно достапните документи беа опфатени следните институции: Владата на РМ; Министерството за здравство; Институтот за јавно здравје на РМ; Заводот за здравствена заштита на мајки и деца; здравствените домови; Фондот за здравствено осигурување; Министерството за финансии; Државниот завод за ревизија и собраниските комисии за финансии и буџет и здравство.

Како значајни документи корисни за понатамошна обработка беа издвоени следните: годишни извештаи и информации на Институтот за јавно здравје на РМ и Центарот за јавно здравје, Скопје; правилници и обрасците за сметководствено и трезорско работење на јавните институции со посебен осврт на овие од здравствениот сектор; закони поврзани со буџетското работење на буџетските корисници и единките корисници; буџетот на државата и одделните буџетски корисници на национално ниво; предлог и усвоен буџет на РМ; периодични извештаи за извршување на буџетот на РМ; билтени за спроведување на макроекономската и фискалната политика; фискалната стратегија на РМ; усвоените Програми за активна здравствена заштита на мајките и децата и

систематски прегледи на ученици и студенти; правилници, упатства, извештаи и обрасци за буџетско и трезорско работење на Фондот за здравствено осигурување; и други.

**Остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.** Преку постапката за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ги баравме сите информации и документи на јавните институции во кои се презентирани податоци кои се однесуваат на: планирање и извршување на буџетот на РМ; планирање и извршување на буџетот на Министерството за здравство; планирање и извршување на активностите и буџетот на Програмите за активна здравствена заштита на мајките и децата и систематски прегледи на ученици и студенти; извештаи за реализација на мерките за превентивна здравствена заштита (вакцинација, систематски прегледи и услуги од патронажна служба) согласно договорите на јавните здравствени институции со Фондот за здравствено осигурување; итн.

Во текот на спроведувањето на постапката за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ЕСЕ имаше за цел да обезбеди писмени докази со кои се потврдува и прикажува работењето на јавните и јавните здравствени институции во доменот на интерес. Во постапката ги користевме сите расположливи механизми за заштита и остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер.

**Директни средби со целните институции за обезбедување на информации.** Покрај поднесувањето на барањата, во текот на постапката за пристап до информации од јавен карактер, оствaривме и директни средби и телефонски контакти со претставници од следните институции: координаторите на двете превентивни програми и лицето за посредување со информации од јавен карактер при Министерството за здравство, Здравствените домови од Крива Паланка, Кратово, Кавадарци, Битола, Тетово, Гостивар, Охрид, Кичево, Дебар и Гевгелија; Институтот за јавно здравје на РМ и Фондот за здравствено осигурување. Преку овие директни средби и контакти добивме информации за тоа со кои документи располагаат овие институции, кои документи не постојат во формата во која ги бараме и/или можниот извор за добивање на бараните документи. Покрај тоа, истите не информираа за проблемите со кои тие се соочуваат при спроведувањето на активностите од двете програми. При тоа како главни проблеми од нивна страна беа наведени следните: незапознаеност со мерките предвидени во самите програми; спроведување на активности по програмите без да се бараат средства за нивна реализација од Министерството за здравство; немање на унифициран систем за водење на здравствена евиденција; спроведување на активности за средства пониски од реалните трошоци за нивна реализација, непостоење на евиденција во здравството по етничка припадност итн. Средбите во Министерството за здравство, за разлика од средбите со останатите институции, имаа за цел да им се укаже на претставниците на ова министерство за потребата од почитување на одредбите предвидени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Мониторинг и анализа на буџетот за здравство и буџетот наменет специфично за унапредување на здравјето на Ромите.** Покрај редовните активности за мониторинг и анализа на програмите за превентивна здравствена заштита и вакцинација на децата

Роми, во текот на 2014 година, ЕСЕ спроведе постапка за детална анализа на системот на финансирање на здравството во РМ, средствата во јавниот буџет за здравство обезбедени преку надворешни извори, средства во јавниот буџет за здравство наменети за унапреување на здравјето на Ромите и вклучување на граѓаните во креирање на јавни здравствени политики, здравствениот буџет на РМ за периодот од 2005 до 2012 година. Со оваа анализа беа утврдени и презентирани: клучните измени во финансирањето на јавниот здравствен систем на РМ; регулирањето на финансирањето на јавниот здравствен систем на РМ; извори на финансирање на јавниот здравствен систем; основни здравствени услуги финансирани од јавниот здравствени буџет; вкупни и јавни трошоци на здравството; средства од донации, кредити и самофинансирачки активности во здравството; средства за издвоени од јавниот буџет за спроведување на специфични активности наменети за унапредување на здравјетп на Р омите итн.

Оваа анализа беше доставена со сите институции од јавниот здравствен сектор и институции кои имаат влијание врз јавниот здравствен сектор. Наодите добиени преку мониторинг и анализа на буџети во постапката за застапување пред надлежните институции се комбинирани со наодите добиени во постапката за мониторинг во заедницата. Активностите за застапување се објаснети во точка два од овој дел од извештајот.

Следните резултати беа постигнати преку спроведување на активностите за мониторинг и анализа на буџети:

- усвоени мерки за унапредување на опфатот на децата Роми со превентивни здравствени услуги во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2014 година
- утврдени состојбите во однос на опфатот на децата Роми со мерки за превентивна здравствена заштита и вакцинација и утврдени недостатоците во планирањето и имплементацијата на Програмата за систематски прегледи на студенти и ученици
- имплементиран планот за работа на ЕСЕ на полето на мониторинг и анализа на буџетите со вклучување на приходната страна на буџетите во постапката за анализа
- остварени контакти со одговорни лица од тринаесет (13) институции (Министерството за здравство, Здравствените домови од Крива Паланка, Кратово, Кавадарци, Битола, Тетово, Гостивар, Охрид, Кичево, Дебар и Гевгелија; Институтот за јавно здравје на РМ и Фондот за здравствено осигурување) кои се надлежни за спроведување на Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на студенти и ученици во 2013 година
- спроведена постапка за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на двете програми и подготвени извештаи базирани на истата
- утврдени состојбите во јавниот буџет за здравство, утврдено движењето на вкупните и јавните трошоци за здравство и утврден трендот на алокација на буџетски средства за унапредување на здравјето на Ромите

**МОНИТОРИНГ ВО ЗАЕДНИЦАТА**

Во 2014 година ЕСЕ продолжиме да обезбедуваме техничка поддршка и координирање на трите партнерски организации во однос на спроведување на активностите на мониторинг на заедницата на локално ниво и национално ниво. Техничката помош и координативните активности се состојат од: активности за градење на капацитети на партнерските граѓански организации; организирање на информативни и координативни средби во однос на размена на информации и искуства од спроведување на процесот и заедничко планирање на идните активности; обезбедување на комуникација помеѓу граѓанските организации и надворешните соработници ангажирани за унапредување на процесот на мониторинг на заедницата; надгледување и следење на процесот на имплементација; техничка помош при подготовка на различни материјали од страна на организациите вклучени во процесот; техничка помош при подготовката на методологиите за работа; координирање на процесот на планирање на активностите за застапување и спроведување на активностите за застапување.

Подолу наведените активности беа преземени во текот на 2014 година.

**Подготовка на анализа од мониторингот во заедницата во однос на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги.** Во таа насока во овој период обезбедивме на техничка поддршка на партнерските ромски организации (КХАМ, ЛИЛ и ЦДРИМ) за обработка на податоците од истражувањето во ромските заедници за опфат на децата Роми од 0 – 15 години со вакцинација и превентивни здравствени услуги и за подготовка на Картичките за оценка од заедницата. Преку обработката на податоците ја утврдивме состојба по однос наопфатот на децата Роми од 0 – 15 години со вакцинација и превентивни здравствени услуги. Воедно, обезбедивме техничка поддршка на трите партнерски ромски граѓански организации за спроведување на методологијата на социјална ревизија за работата на патронажните сестри и ја оценивме работата на патронажните служби во општина Делчево преку методологијата на социјална ревизија.

**Активности за застапување за унапредување на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги.** Со цел презентирање на наодите од спроведениот мониторинг и презентирање на клучните цели за застапување подготвивме памфлет за застапување за унапредување на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги. Со истата цел на 24 април, 2014 година во Скопје беше одржана јавна дебата со конференција за печат на тема: „Имунизација и превентивни здравствени услуги за децата Роми во Република Македонија“. Тие беа организирани за време на Европската недела на имунизација. На дебатата присуствуваа претставници од граѓански организации, преставници на јавни здравствени установи (Заводот за здравствена заштита на мајките и децата при Здравствен дом - Скопје, Центар за јавно здравје- Скопје, Здравствен дом - Делчево, Поликлиника Ѓорче Петров и Поликлиника Чаир итн.), медиуми и претставници на Ромските заедница во кои се спроведуваа активностите за мониторинг во заедницата.

Во периодот од 29 до 30 март, 2014 година спроведовме работилница со трите партнерски ромски организации за подготовка на национална стратегија за застапување за 2014 година за унапредување на опфатот на децата Роми од 0 – 15 години со вакцинација и превентивни здравствени услуги и за техничка поддршка за подготовка на локалните планови за застапување за 2014 година со истата цел. Подготвениот памфлет за застапување беше испратен до претставници од Министерството за здравство, пропратено со барање за остварување на средба, како и со барање претставник од партнерските организации да учествува во процесот на подготовка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2015 година. Меѓутоа и покрај испратените барања и дополнителните контакти со претставници од Министерството за здравство, од нивна страна не беше договорена средба на која ќе ги образложиме нашите барања.

**Активности за проширување на работата на методологијата на мониторинг на заедницата на областа за унаопредување на опфатот на жените Ромки со превентивните гинеколошки услуги од Програмата за скрининг за карцином на грло на матка.** Со цел да се зајакнат капацитетите на партнерските ромски организации (КХАМ, ЦДРИМ и ЛИЛ) во периодот од 17 – 19 јуни, 2014 година во х. Гранит во Охрид беше одржана *"Обука за јакнење на капацитетите на граѓанските организации во однос на специфичните потреби за здравјето на жените и релевантните политики".* На обуката беа опфатени повеќе теми: род и здравје; социјални и економски влијанија врз здравјето на жените; репродуктивно и сексуално здравје и права; меѓународна правна рамка по однос на здравјето на жените; правната регулатива во РМ која се однесува на здравјето и здравствената заштита на жените; најчести малигни заболувања на репродуктивните органи кај жените и скрининг програми за превенција на истите; и преглед на Програмата за рана детекција на малигни заболувања и досегашните наоди од мониторингот на ЕСЕ. На обуката беше дефиниран процесот на применување на мониторингот во заедницата за прашањето на редовни превентивни гинеколошки прегледи и скрининг за рак на грло на матка меѓу жените Ромки. Во периодот октомври – декември 2014 ЕСЕ подготви прашалници и методологија за спроведување на истражување во заедницата за да се процени опфатот на жените Ромки со програмата за скрининг за рано откривање на карцином на грло на матка. Според овие прашалници партнерските организации ќе спроведат истражување во заедницата во почетокот на 2015 година.

Преку спроведување на активностите за мониторинг во заедницата во текот на 2014 година беа постигнати следните резултати:

- утврдена состојбата по однос на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги според Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и според Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите
- објавени клучните наоди од мониторингот во заедницата и објавени клучните цели за застапување по однос на зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги преку подготвен и дистрибуиран памфлет и преку одржана јавна дебата по однос на опфатот на децата Роми со вакцинација и

превентивни здравствени услуги за време на неделата за имунизација, со учество на претставници од граѓанските организации и јавните здравствени установи
- подготвена и имплементирана стратегија за застапување на национално и локално ниво од страна на трите партнерски ромски организации со техничка поддршка од ЕСЕ
- зајакнати капацитетите на трите партнерски ромски организации по однос на женско здравје и релевантни политики, со цел да можат да спроведуваат мониторинг на заедницата во ромските средини по однос на превентивните гинеколошки услуги предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања
- подготвени прашалници за спроведување на истражување во заедницата за опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг за карцином на грло на матка

**МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОРИО ГРАНТОТ**

Здружението ЕСЕ почнувајќи од 2013 година спроведува мониторинг на имплементацијата на грантот за инфраструктурен развој кој Министерството за здравство на РМ го доби од Холандската Влада, преку ОРИО програмата. Во 2014 година ЕСЕ ги објави резултатите од првата фаза на мониторингот. Врз основа на наодите од анализата, ЕСЕ подготви и достави конкретни предлог мерки за унапредување на реактивната и проактивната буџетската транспарентност на Владата на РМ, Министерството за здравство и Министерството за финансии во однос на користење на средствата од основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и буџетот на кредити базирани на наодите од подготвената анализа за имплементација на ОРИО грантот во РМ. Во прилог на предлозите доставен е и предлогот пратен до Министерството за здравство и примерок од анализата.

Воедно, подготвивме и доставивме 18 информации за начинот на имплементација на проектот "Поставување на интегриран систем за за здравствена заштита на мајките и децата за подобрување на здравствените исходи во Р. Македонија" до институции вклучени во имплементација на проектот финансиран преку ОРИО грантот во РМ или пак индиректно засегнати институции за состојбите со билатералната помош во РМ, кои можат директно да влијаат врз прифаќање на предлог мерките доставени до надлежните институции (Министерство за здравство, Министерство за финансии и Секретаријат за европски прашања). Информацијата е доставена до: г-дин. Петер Верхејн, Амбасадор на Холандија во РМ; канцеларија на Меѓународниот монетарен фонд во РМ; г-ѓа. Катерина Димеска и г-ѓа. Валентина Фидановска, членови на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер; г-дин. Пеце Ташевски, претседател на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер; УНИЦЕФ, Македонија, консултант на Министерството за здравство на РМ во имплементација на проектот финансиран преку ОРИО грантот; канцеларија за Светска банка во РМ; г-дин. Никола Груевски, премиер на РМ; г-ѓа. Тања Таневска, главен државен ревизор; г-ѓа. Маја Парнаџиева – Змејкова и г-дин. Џемаил Меџази директори на ФЗОМ; г-ѓа. Елена Трпковска, претседател на Управниот одбор на ФЗОМ; г-дин. Јорис Јансе, раководител на единицата за доделување на грантови од ОРИО програмата при NL EVD International Холандија; Finance for projects и HEAP Research приватни компании

консултанти на Министерството за здравство на РМ во имплементацијата на проектот финансиран од ОРИО; г-ѓа Линда Феј, извршна директорка на помошната единица на Отворено владино партнерство; г-дин. Берт Коендерс, министер за надворешни работи на Холандија; и г-дин. Марк Руте, премиер на Холандија. До крајот на 2014 година, одговор на доставените барања и информации, добивме само од претседателот на Владата на Кралството Холандија.

Во извештајниот период, покрај горе наведените активности, ЕСЕ продолжи со следење на имплементацијата развојната фаза од проектот финансиран од ОРИО програмата, а овој процес го надополни со активности за оценка на напредокот во однос на наодите од првата анализа.

Преку спроведување на активностите за мониторинг во заедницата во текот на 2014 година беа постигнати следните резултати:

- подготвена и објавена анзлиза за трошењето на средствата за имплементација на развојната фаза од ОРИО гранот од страна на Министерството за здравство на РМ
- подготвени и доставени предлог мерки за унапредување на реактивната и проактивната буџетската транспарентност на Владата на РМ, Министерството за здравство и Министерството за финансии во однос на користење на средствата од основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и буџетот на кредити базирани

# ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ

## ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во 2014 година ЕСЕ продолжи со реализација на започнатите активности во насока на промовирање на концептот на Човекови права во здравствена заштита, но, и користење на нови пристапи со цел остварување на правото на здравје и правата на пациенти.

Подолунаведените активности беа спроведени во 2014 година.

**Континуирано обновување на содржината на Прирачникот за практичари„ Човекови права во здравствена заштита“.** Процесот на континуирано обновување на содржината на прирачникот претставува редовен процес на следење на националната законска рамка, интегрирање на измените и дополнувањата на позитивните прописи кои се користени и цитирани во прирачникот, се со цел континуирано и навремено запознавање и информирање на практичарите (здравствени работници и соработници, правници, адвокати, судии, раководители на здравствени установи, претставници на граѓански организации) со новините во однос на здравствените права. Имено, во текот на 2014 година, измените и дополнувањата на законските прописи и сите новини беа инкорпорирани во постојниот текст на прирачникот преку претходно утврдена матрица за следење.

**Одржување на веб страна наменета за практичари и општа јавност.** Веб страната *www.healthrights.mk* служи како ресурс за информации од областа на човековите права во здравствена заштита, вклучувајќи ги и правата на пациентите и истата е наменета за пошироката професионална јавност, но, и општа јавност, односно пациентите.По воспоставувањето на веб страната и поставувањето на релевантни содржини на истата во 2012 година, следеше процес на нејзино секојдневно ажурирање и надополнување. Во 2014 година веб страната беше ажурирана и надополнета со релевантни публикации (103 публикации) кои се однесуваат на различни здравствени прашања, како и меѓународни и домашни вести (179 домашни и 752 меѓународни вести). Интернет страната *www.healthrights.mk* во 2014 година ја посетиле 8310 лица.

**Дистрибуирање на материјали и активности за застапување.** Во 2014 година на повеќе настани ги дистрибуиравме материјалите подготвени во рамки на оваа иницијатива. Па така, одржаната прес конференција и јавната дебата на тема “Имунизација и превентивна здравствена заштита за децата Роми во РМ” одржана на ден 24 април, 2014 година во организација на ЕСЕ и ФОСМ беше искористена за промовирање и дистрибуирање на брошурите за права на пациенти и граничниците за книги. Имено, на овој настан беа поделени по 60 примерока од брошурите за заштита на права на пациенти и заштита на Ромите како пациенти и граничниците за книги. Сет од наведените материјали беше поделен на вкупно 31 претставник (присутни на прес конференција и јавна дебата). Дополнително, на четиридневната обука „Здравство и буџети“, одржана од 25-28 јуни на присутните претставници од следниве здруженија на граѓани: ЛИЛ, РРЦ, ЦДРИМ, КХАМ, РОМА СОС, ХОПС, ХЕРА, ПХ МОМЕНТ ПЛУС, НОРА и ХЕМОЛОГ, им беа поделени по 30 примерока од општата брошура за права на пациенти, брошури за права на пациенти, со фокус на правата на Ромите, корисниците на дроги и лицата со интелектуална попреченост, како и 30 примерока од Прирачникот за човекови

права во здравствена заштита и граничниците за книги. Воедно, учесниците беа информирани за структурата и за содржината на веб страната: www.healthrights.mk.

**Известување пред меѓународни тела за човекови права - Универзален периодичен преглед (УПП).** По учеството на пред – сесијата на Советот за човекови права во Женева и презентирањето на клучните сфери на загриженост и препораките од Заедничкиот поднесок за здравство, ЕСЕ со цел лобирање на постојаните мисии на државите членки на ОН, по електронски пат им ги достави следните документи: Заедничкиот поднесок за здравство, клучните наоди и препораки и примерок од усната изјава презентирана на пред -сесијата. Значајно е да се напомене дека официјалната 18 – та сесија на УПП, односно вториот циклус на известување на Република Македонија се одржа на 30 јануари, 2014 година, при што на 4 февруари, работната група го усвои Нацрт извештајот за Република Македонија. Поради фактот за потребата од негово користење во понатамошните акции за застапување од страна на вклучените организации, ЕСЕ одлучи да го преведе во целост усвоениот нацрт извештај на македонски јазик.

Значајно е да се напомене дека подготовката на заедничкиот поднесок за здравство, неговото презентирање пред Советот за човекови права на ООН на пред сесија на 18-та сесија, како и процесот на застапување насочен кон делегациите на државите членки кои во интерактивен дијалог со Р. Македонија ги потенцираа клучните сфери на загриженост од заедничкиот поднесок, придонесоа кон прифаќање на поголем дел од препораките содржани во поднесокот од страна на РМ. Имено, Советот за човекови права на ООН, на 20 јуни (на 26–тата регуларна сесија) го усвои државниот извештај и ставовите за прифаќање на препораките, при што документот (A/HRC/26/10/Add.1) содржи 104 препораки, од кои две се одбиени и шест се делумно прифатени. Имено, Р. Македонија во во голем дел ги прифати препораките кои се однесуваат на здравствените аспекти, а пак единствено не беа прифатени пртепораките кои се однесуваат на воведување, односно регулирање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како конкретни основи за дискриминација.

Со цел договарање на следните чекори на застапување во насока на прифаќање на наведените препораки од нацрт извештајот, ЕСЕ на ден 06.03.2014 година, организираше работна средба со претставници на здруженијата на граѓани кои учествуваа во подготовка на заедничкиот поднесок за здравство. Предмет на дискусија беше содржината на наведениот извештај, како и препораките кои државите членки ги упатија до нашата држава. Имајќи ги предвид усвоените препораки кои се однесуваат на здравство, ЕСЕ и вклучените здруженија на граѓани договорија неколку клучни насоки за понатамошно застапување и тоа: повикување на резултатите од процесот на УПП и прифатените препораки во секојдневните акции на организациите; користење на усвоените препораки во вршење на притисок кон државата за нивно соодветно имплементирање и развивање на интерна рамка на ниво на секоја организација за понатомошно следење на реализацијата на наведените препораки.

**Активности за застапување врз основа на претходно подготвени видео записи.** Во 2014 година ЕСЕ подготви видео под наслов: *„Обезбедување на навремена и квалитетна услуга од страна на службите за итна медицинска помош, како за Ромите, така и за сите*

*граѓани на РМ, на кои тоа им е потребно"* и спроведе подготвителни активности за подготвка на второ видео за прашањето на здравјето на жените Ромки.

Имено, по преземените активности за застапување по однос на првото видео, посебно преку користењето на алатката за поднесување на електронска петиција, иницирана од ЕСЕ, а поддржана од повеќе засегнати граѓански и Ромски организации, од страна на Министерството за здравство беше најавено усвојувањето на посебен протокол/правилник за постапување во итни случаи. Имено, поддршката за електронската петиција добиена од страна на повеќе граѓански организации (Центар за демократски развој и иницијативи - ЦДРИМ, Скопје; Ромски ресурсен центар - РРЦ, Скопје; Здружение на просветни работници и заштита на правата на жените - ЛИЛ, Скопје; Ромска асоцијација за мултикултурна афирмација - РОМА СОС, Прилеп; Национален Ромски Центар - НРЦ, Куманово; Опции за здрав живот - ХОПС, Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување - ХЕРА; Скопје и Коалиција: Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, Скопје) и 161 лице, како и регистрирањето на секој индивидуален потпис на петицијата во Министерството за здравство и испратеното писмо со конкретни барања за унапредување на работата на итната медицинска помош до повеќе високи претставници на ова министерство (заменик министерот за здравство- Јовица Андовски, државниот секретар на Министерство за здравство- Насуф Ипчја, како и лицето Сенад Мемеди од Секторот за евро- интеграции), во голема мера придонесоа за усвојување на Правилник за организацијата и начинот на вршење на работите на итната медицинска помош (од 10.09.2014). Заради утврдување на содржината на овој правилник и датумот на негово донесување, ЕСЕ испрати барање за информација од јавен карактер до Министерството за здравство. По направениот увид во Правилникот, беа констатирани повеќе аспекти кои се важни при постапувањето на итната медицинска помош и тоа кој ја донесува одлуката врз основа на телефонски повик за потребата од итна медицинска помош, како и тоа дека секој телефонски разговор се снима, односно постои тонски запис за истиот. Правилникот, не ги опфаќа критериумите врз основа на кои се донесува одлуката за интервенирање на итната медицинска помош, за што ЕСЕ дополнително поднесе барање за информација од јавен карактер, односно барање да се достави протоколот кој ги содржи критериумите за интервенирање на итната медицинска помош.

Воедно, на заедничка средба одржана на 7 октомври, 2014 година во просториите на ГЕМ, Ромските здруженија на граѓани беа известени за горенаведените активности, како и за потребата од понатамошно идентификување на случаи на ненавремено и неквалитетно постапување на службата за итна медицинска помош во нивните локални заедници.

Во октомври, 2014 година започнаа активностите и консултациите за подготовка на второто видео за застапување со помош на консултантите Џон Кенеди и Мери Џојс. Имено, како резултат на веќе постојното искуство на здружение ЕСЕ во однос на подготовка на видеа, во консултација со Фондациите отворено општество Њујорк и со наведените консултанти беше договорено ЕСЕ да започне со подготовка на видео за здравјето на жената Ромка. По реализираната консултација ЕСЕ пополни прашалник во однос на клучните аспекти од стратешкиот план за новото видео. Врз основа на одговорениот прашалник и дополнителните консултации беше подготвен нацрт текст

на стратешкиот план. Целта на видеото е да се поттикнат жените Ромки да ги користат превентивните гинеколошки прегледи предвидени во Програмата за рана превенција на малигни заболувања на карцином на грло на матка и на дојка. Стратешкиот план ги опфаќа следните аспекти: клучни пораки кои ќе ги пренесува видеото; целната група на која ќе се пренесуваат пораките; начин на презентирање на видеото; и сл. Имено, согласно на утврдениот стратешки план, беа идентификувани две пораки за застапување, од кои првата е насочена кон Министерството за здравство за подобрен опфат и имплементација на Програмата и втората, до жените Ромки за подобрено користење на превентивните бесплатни гинеколошки услуги. Воедно, во консултација и разговор со консултантите се идентификуваа и лицата кои ќе дадат изјави или сведоштва во рамки на видеото, како и клучните точки на кои тие треба да се осврнат при давањето на краткиот исказ или сведоштво. Лицата кои ќе бидат снимани за потребите на видеото се: Ромка која добила здравствен третман по примањето на поканата за преглед од гинеколог; Ромка која ги користи превентивните гинеколошки услуги без да добие покана; Координаторот на ЕСЕ за јавно здравје и женско здравје; и еден матичен гинеколог. Подготовката на видеото ќе се реализира во 2015 година во соработка со Младинскиот образовен форум (МОФ).

**Стратешко застапување на случаи на прекршување на човекови права во здравствена заштита.** На 30 октомври, 2014 година, ЕСЕ организираше работилница насловена како „Стратешко застапување на случаи на прекршување човекови права во здравствена заштита“. На работилницата присуствуваа претставници од девет граѓански организации и организации на права на пациенти (ХОПС, РРЦ, ЦДРИМ, ЛГБТИ центарот – Хелсиншки комитет, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“, Македонско здружение на млади правници, КХАМ, НОРА и Хемолог). На работилницата присуствуваше и еден претставник од ФОСМ и двајца претставници од ЕСЕ. Учесниците се активни членови на наведените организации кои работат на унапредување на здравствени права на маргинализирани групи со кои тие работат, а дел од нив се адвокати кои ги застапуваат клиентите пред суд.Пред одржување на работилницата, од повиканите учесници беше побарано да подготват и да испратат случаи во врска со здравствени права на своите целни групи. ЕСЕ прими вкупно девет случаи кои се однесуваат на дискриминација и прекршување на здравствените права на луѓе кои живеат со ХИВ; трансродово лице; пациент кој живее со pectus excavatum; лице кое живее со хемофилија инфицирано со Хепатитис; бремена жена која починала за време на пораѓање; корисници на дроги; и Ром кој е пациент во психијатриска болница. Модераторот и сите учесници на работилницата дадоа предлози за преземање дополнителни чекори со цел ефикасно решавање на случаите. До крајот на годината ЕСЕ продолжи да работи интензивно на два од наведените случаи поврзани со прекршување на здравствени права при што детално се разгледуваат можностите за судско застапување на овие случаи. Проектните продукти во 30 примерока беа дистрибуирани на учесниците на обуката.

Во 2014 година беа постигнати следните резултати:

- зголемен е степенот на информирање, односно запознавање на практичарите и општата јавност преку постојано надополнување на содржините на тематската веб страна: www.healthrights.mk

- ревидирана и обновена е содржината на Прирачникот за практичари во електронска форма
- преземени се активности за застапување насочени кон постојаните делегации на државите членки на ОН на пред – сесијата и по сесијата кои резултираа со прифаќање на препораките од Заедничкиот поднесок за здравство и подготвениот Нацрт извештај на работна група за УПП кои се однесуваат на правото на здравје
- донесен е Правилник за организацијата и начинот на вршење на работите на итната медицинска помош
- селектирани се потенцијални случаи за понатамошно застапување

## ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

Во текот на 2014 година ЕСЕ продолжи да работи на развивање на концептот на параправна помош во областа на здравствената заштита за Ромите. Имено, ромските партнерски организации во чии рамки функционираат програмите за параправна помош и во чии рамки се обезбедува помош и поддршка за надминување на идентификуваните здравствени проблеми и реализирање на здравствените права на локалното ромско население, беа поддржани во градење на нивните капацитети, како и унапредување на начинот на нивно работење во обезбедување на овој вид на помош и поддршка.

Па така, во текот на 2014 година беа спроведени низа активностите насочени кон институционално јакнење на организациите, како и на човечките ресурси (координаторите и параправниците) ангажирани во програмите за параправна помош, а напоредно се ромските партнерски организации обезедуваа помош и поддршка преку работењето на програмите за параправна помош и нивна афирмација во заедницата. Параправната помош и поддршка се обезбедува преку следните партнерски организации: Центар за демократски развој и иницијатива – ЦДРИМ, Ромски Ресурсен Центар од Шуто Оризари и Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „КХАМ“ Делчево.

Во рамки на активностите насочени кон јакнење на капацитетите на локалните ромски партнерски организации беа реализирани подолу наведените активности.

**Обуки на програмите за параправна помош.** Континуираната едукација составен дел на концептот на параправна помош и предуслов за обезбедување на висококвалитетни услуги во индивидуалните случаи и соодветна помош и поддршка на локалното население за остварување на здравствените права. Согласно потребите, во периодот на 2014 година беа спроведени две континуирани обуки за параправниците и координаторите од проектниот циклус 2013-2014 година и една почетна/инцијална обука од прокетниот циклус 2014/2015 година. Покрај едукацијата, ЕСЕ во континуитет обезбедува правна помош и поддршка на параправниците согласно потребите на секој одделен случај.

На ден 22.02.2014 година во канцелариите на ЕСЕ се одржа првата континуирана обука за параправници - **Справување со стрес и burnout.** На обуката присуствуваа вкупно девет учесници, двајца претставници на ЕСЕ, двајца претставници од ФОСМ и еден обучувач (вкупно 14 лица). Обуката беше одржана од страна на Катина Павлова, психолог од Завод за ментално здравје. Обуката ги опфати следните содржини:практична вежба – водена фантазија; запознавање со поимот стрес и burnout и нивното значење во работата на програмите за параправна помош; практична вежба – играње на улоги; дискусија и feedback за вежбата играње на улоги. Потребата за организирање на обука од ваков вид беше утврдена согласно потребите на програмите за параправна помош. Имено, во секојдневната работа со клиентите, параправниците се соочуваат со сериозни животни ситуации и здравствени проблеми, при што обезбедувањето на параправна помош и поддршка има влијание и врз самите нив. На обуката присутните претставници

од програмите за параправна помош беа запознаени со поимот стрес и burnout, односно со механизмите за справување со проблемите со кои се соочуваат при нивната секојдневна работа.

На 25.06.2014 година во канцелариите на ЕСЕ во Скопје се одржа втората континуирана обука за лица - Заштита на права на корисници/чки на дрога и сексуални работници/чки кои обезбедуваат параправна помош во рамките на програмата за параправна помош. Обуката се организираше со цел запознавање на параправниците со состојбата, сервисите за поддршка и механизмите за остварување на човековите права на посебно ранливи групи од локалното население во заедниците каде што работат, корисниците/чките на дрога и сексуалните работнички. На обуката присуствуваа осум (8) учесници, двајца претставници на ЕСЕ и тројца обучувачи (вкупно 13 лица). Третата обука ги опфати следните содржини: употреба на дроги , зависност од дроги ,видови програми за корисници на дрога во РМ; сексуална работа и сервиси за сексуални работници/чки во РМ; потреби и проблеми на корисниците/чките на дрога и сексуалните работници/чки поврзани со прекршување на човекови права. Обуката беше организирана со цел зголемување на степенот на сензитивност и зголемување на нивото на информираност за човековите права и механизмите за заштита за правата на корисниците/чките на дрога и сексуалните работници/чки на претставниците на програмите за параправна помош. Од страна на обучувачите учесниците беа информирани за начинот на обезбедување на помош и поддршка и за сервисите кои може да ги контактираат во ситуација кога како клиент имаат некое лице од наведените ранливи категории.

Во периодот 24-26 октомври, 2014 година, ЕСЕ ја спроведе почетната обука за програмите за параправна помош за проектниот циклус 2014/2015 година. Станува збор за редовна активност која се организира еднаш годишно со цел зголемување на степенот на знаења и вештини на координаторите и параправниците од ромските партнерски организации. Во однос на концептот значајно е да се напомене дека почетната обука се повторува секоја година во рамките на проектот за параправна помош и при подготовката на обуката и работните материјали посебен акцент се става на две прашања: дали во изминатиот период се ангажирани нови параправници или координатори; и кои се последните новини, односно измени во системот на здравствена заштита. Во однос на содржината беа опфатени следните компоненти: систем на здравствена заштита; права и обврски од областа на здравствена заштита и здравствено осигурување; права на пациентите и механизми за заштита; и улогата на Државниот здравствен и санитарен инспекторат во однос на заштитата на правата на пациенти. На обуката присуствуваа девет (9) учесници, двајца претставници на ЕСЕ, двајца преставници на ФОСМ и тројца обучувачи (вкупно 16 лица).

**Работилници за справување со стрес.** На 26 декември, 2014 година спроведена е првата од циклусот на три работилници на тема **Стрес и техники за справување со стресот,** планирани за програмска година 2014/2015 година. Овие работилници имаат за цел намалено влијанието на стресот и подобрено справување со секојдневните проблеми во работењето на параправниците. Работилницата беше спроведена од страна на психолог и на истата беа презентирани неколку прашања, меѓу кои: потсетување на тоа што е

стрес; како комуницираме; и како до поголема радост наместо нервоза. Составен дел на работилницата беа повеќе практични вежби наменети за учесниците и тоа вежбите: направи контакт со себе; замисли ја личноста со која имаш проблеми во одржување на релација; изразување на благодарност и изразување на афирмација. На обуката присуствуваа осум учесници, еден претставник на ЕСЕ и еден обучувач (вкупно 10 лица).

**Обновување на содржините на електронската ресурсна библиотека.** ЕСЕ во континуитет обезбедува поддршка на програмите за параправна помош преку нивно редовно информирање за промените и новините во системот на здравствена заштита. Претходно, по електронски пат до програмите за параправна помош беа доставувани информации за најновите измени и дополнувања на законската регулатива, правилници и друг вид на документи кои се потребни за работата на програмите за параправна помош. Во последната проектна година 2013-2014, во рамките на постојната веб страна на ЕСЕ беше креирана електронска библиотека која им е потребна за работата на параправниците. Со креирањето на електронската библиотека се овозможи да се зголемат можностите за самообука на параправниците и подобрување на нивните знаења и вештини за начинот на остварување на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти, како и останатите области: социјална заштита, работни односи и др. Со цел надградување на содржините во библиотеката, ЕСЕ на неделно ниво ги следи најновите измени во релевантна законска рамка во областа на човековите права кои се од интерес на работата на параправниците и соодветно ја дополнува и изменува електронската база на ресурси. Координаторите и параправниците го користат овој значаен ресурс, односно имаат  имаат пристап до библиотеката преку свое сопствено корисничко име и лозинка. Во електронската библиотека се содржани сите релевантни меѓународни и регионални документи и механизми за заштита на човековите права, закони од областа на здравствените права, како и законите и останатите релевантни прописи од областа на социјалната заштита, документи за работа и дополнителни материјали. Во декември, 2014 година направена е промена на структурата на содржината, односно наместо поранешните пет категории, сега оваа библиотека има седум категории (меѓународни и регионални документи и механизми за заштита на човековите права; закони од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на права на пациенти; закони и останати прописи од областа на социјалната заштита; закони и останати прописи од областа на работните односи; документи за работа; дополнителна литература и материјали и останати). Покрај промената на структурата направено е обновување на содржината, односно додадени се: дванаесет закони за измени или закони за измени и дополнување на законите во библиотеката;  една исправка на закон; пет правилници и 33 превентивни и куративни програми на Министерството за здравство.

**Административните постапки.** ЕСЕ посвети посебно внимание на унапредувањето на системот на собирање на податоци и раководење со предмети од страна на програмите за параправна помош. Во изминатиот период врз основа на претходна ревизија од страна на ЕСЕ, административните процедури беа ревидирани во два наврати, при што  беа подготвени и применети три нови формулари во работата на програмите за параправна помош и поддршка и тоа: распоред на дневни активности, формулар за разрешени случаи и формулар за задоволство на клиентот. Претходно, при обезбедувањето на

помош и поддршка од страна на параправниците веќе се користеа почетниот формулар и формуларот за последователно преземени дејствија. Покрај формуларите кои се потребни за работата на програмите за параправна помош, во изминатиот период од страна на ЕСЕ беа подготвени и документи кои се потребни за спроведување на директните посети: *насоки за спроведување на посетите и формулар за посети.* Првиот документ содржи информации за одделните компоненти, како и сегменти од работата на програмите за параправна помош кои треба да бидат предмет на оценување при спроведување на директните посети. Вториот документ е составен во форма на табела и се пополнува при секоја директна посета организирана во програмите за параправна помош.

**Мониторинг, поддршка и оценка на работата на параправниците.** За потребите на надзор, поддршка и оценка на работата на програмите за параправна помош ЕСЕ ги користи следните алатки: комуникација по телефон и електронска пошта; месечни извештаи кои ги подготвуваат параправниците; тримесечни извештаи кои ги подготвуваат координаторите и посети за надзор. Покрај редовните активности кои беа преземени претходно, како што се редовната комуникација и периодичното известување од страна на координаторите и параправниците, значајно е да се напомене воведувањето на посетите за надзор како дополнителен механизам за следење на работата на програмите и осигурување квалитет при обезбедувањето на параправна помош. Овие посети кои беа воведени во периодот 2013 -2014 година претставуваат значаен механизам за надзор на работата на програмите за параправна помош и утврдување на можностите за унапредување на нивното работење.

Во рамките на овој проект беше предвидено да се организираат по осум посети во секоја од организациите, меѓутоа по организирањето на првата посета во консултации со партнерските организации ЕСЕ одлучи да го намали бројот на посети, при што беа организирани по една посета на секои три месеци од работењето. Во таа смисла наместо првобитно планираните 24 посети, во 2014 година се организираа 12 посети, по четири во секоја организација. Вака утврдената динамика на организирање на посетите, заедно со редовната комуникација и периодичното известување од координаторите и параправниците, овозможува соодветно да се адресираат потребите на програмите за параправна помош и утврдат можностите за унапредување на одделни аспекти од нивната работата. При организирањето на посетите предмет на анализа се следните посебни аспекти од работата на програмите за параправна помош: комплетирање на досиејата; соодветно пополнување на формуларите при работата: почетен формулар; формулар за последователно преземени дејствија; формулар за решени случаи; формулар за задоволство на клиентот; минимум број на случаи по кои е постапувано и минимум случаи кои биле решени од страна на параправниците; соодветна употреба на базата на податоци; соодветност на преземените дејствија за случајот; квалитет на комуникацијата со клиентите и зачувување на доверливоста на податоци; фреквенција и ефективност во комуникацијата со релевантните институции и граѓански организации;вклучување на заедницата во решавање на проблеми и комуникација со релевантни чинители на локално ниво.

**Промотивни материјали.** Во насока на промовирање на здравствените права на населението, но и нивно информирање за услугите кои се обезбедуваат преку програмите за параправна помош, во проектната 2014-2015 година беа повторно испечатени картичките и летоците кои беа подготвени мината година. Картичките на тема: *„секој има право на заштита на здравјето“*, беа препечатени во 900 примероци (по 300 за секоја организација одделно). Летоците содржат информација за програмите за параправната помош и поддршка, истите беа препечатени во 1000 примероци (сите на македонски јазик). Покрај картичките и летоците во текот на оваа година беа повторно испечатени формуларите кои се потребни за редовно работење на параправниците (почетниот формулар, последователниот формулар, формуларот за задовослтво на клинетите и формуларот за разрешени случаи) секој во 1000 примероци, односно вкупно 4000 примероци.

Во 2014 година беа постигнати следните резултати:

- зголемен е степенот на занаења на параправниците преку орджување на почетната и континуираните обуки
- зголемен е степенот на информираност на параправниците преку континуирано обновување и дополнување на содржините на ресурсната библиотека преку додавање на две нови компоненти во библиотеката: дел за работни односи и дел за останати корисни материјали
- унапредени е начинот на работење и постапување на параправниците преку измени и дополнување на формуларите заљ работа и спроведување на супервизорските посети
- испечатени и дострибуирани се промотивни материјали потребни за работењето на параправниците

# ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во 2014 година ЕСЕ континуирано спроведуваше активности за унапредување на транспарентноста во работењето на владините институции, а особено на институциите од јавниот здравствен сектор.

**Спроведување на постапка за пристап до информации од јавен карактер.** Преку постапката за пристап до информации од јавен карактер од целните институции се бараа копии од документи кои јавните институции се должни да ги подготвуваат во текот на процесот на планирање и реализација на програмите за превентивна здравствена заштита и буџетите на истите, а кои не се јавно достапни. Во таа насока баравме копии од задолжителните финансиски/трезорски и програмски документи. Овие документи беа барани наизменично од секој извршител.

Во текот на годината подготвивме и доставивме вкупно 891 барања за пристап до информации од јавен карактер до 74 јавни институции. Во текот на постапката поднесовме 363 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, против 22 јавни институции поради молк на институциите и поради несоодветен квалитет на добиените одговори. По најголем дел од поднесените жалби, Комисијата донесе позитивна одлука за задолжување на имателите на информации за објавување на бараните податоци, освен за предметите против Министерството за здравство и Министерството за финансии. Жалбите на ЕСЕ поднесени до овие институции беа одбиени со образложение дека имателите ги испочитувале одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во најголемиот дел од решенијата со кои Комисијата ги задолжи имателите на информации да ги обезбедат бараните податоци беа добиени одговори, а за оние решенија по кои имателите не постапија поднесовме претставки до Државниот управен инспекторат на Р. Македонија. По сите доставени претставки, ги добивме бараните одговори. По 28 решенија за одбивање на жалбите од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ЕСЕ поднесе тужби пред Управен суд, сите се однесуваат на Министерството за здравство на РМ.

**Средби со одговорни лица од целните институции.** Во текот на постапката за барање на информации од јавен карактер беа остварени неколку директни средби со одговорни лица од институциите опфатени со постапката и тоа средба со претставници од Министерството за здравство; Фондот за здравствено осигурување и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации до јавен карактер на РМ (КОМСПИ).

**Мониторинг на интернет страниците на јавните институции.** Со цел оценка на степенот на проактивност на јавните институции, во текот на 2014 година, ЕСЕ спроведе мониторинг на содржината на официјалните интернет страници на 18 јавни институции (Министерство за здравство; ФЗОМ; Институт за јавно здравје Скопје; Здравствен дом Скопје; Центрите за јавно здравје Скопје и Кочани; Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика; Влада на РМ; единиците на локална самоуправа во Делчево, Шуто Оризари, Пехчево, Виница и Кочани; Министерство за образование и наука; Министерство за култура; Министерство за надворешни работи и Министерство за внатрешни работи) кои се предмет на интерес на ЕСЕ (во четири наврати за четири квартали). Степенот на проактивност го оценуваме според претходно

развиена методологија, а како водечки индикатор за успешност го користиме бројот на објавени основните буџетски документи и информации и зачестеност на нивно објавување Предмет на мониторинг беа 16 документи: буџетски календар; стратешки план; пред -буџетска изјава; предлог буџет; граѓански буџет; предлог и усвоен буџет; усвоен буџет во отворен формат; предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот; годишна програма за работа; месечни, полугодишни и годишни извештаи за извршување на буџетот; ревизорски извештај; контакт лице за посредување со информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер. По завршувањето на постапката за мониторинг, ЕСЕ започна со внесување на податоците во базата за оценка на реактивната транспарентност, односно оценка на спроведувањето на постапката за барање на информации од јавен карактер.

**Превод и објавување на два водича од обласата на транспарентност и отчетност на јавните институции.** Во 2014 година со цел да се зголеми степен на информираност на граѓаните и граѓанските организации со позитивните примери на проактивна владина транспарентност во повеќе држави од светот беа преведени и испечатени прирачници под наслов "Проактивна транспарентност - Иднината на правото на информираност" и "Детален преглед на процесот на буџетирање заснован на приоритети".

**Останти активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции.** Во периодот на јануари 2014 година, врз основа на претходна писмена иницијатива поднесена од ЕСЕ до Министерството за информатичко општество и администрација - МИОА, ЕСЕ беше покането да учествува во подготовката на новиот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014 – 2016 година. Во периодот на февруари 2014 година ЕСЕ инициraше процес на консултации со партнерски организации и организации соработници за заедничко утврдување на приоритетите и можните предлог мерки. Врз основа на консултациите беа подготвени низа на препораки кои беа доставени до МИОА. По поднесувањето на предлог мерките ЕСЕ присуствуваше на вкупно осум консултативни состаноци. Како резултат на консултативните средби во новиот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014 – 2016 година беа усвоени и вклучени 11 предлог мерки предложени од ЕСЕ.

Во периодот од 05 до 11 мај, 2014 година ЕСЕ учествуваше на Европската конференција на граѓански организации и влади за Отворено владино партнерство во Даблин. На оваа конференција, ЕСЕ како единствен претставник од Македонија ги презентираше искуствата на ЕСЕ од однос на подготовка на АП за ОВП за 2014 – 2016 година и наодите од независниот мониторинг механизам ко се однесуваат на имплементацијата на истиот акциски план за периодот 2012 – 2014 година. За време на конференцијата ЕСЕ воспоставена соработка со четири граѓански организации од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора кои работат на полето на транспарентност и отчетност со цел формирање на мрежа на граѓански организации од Балканот за застапување со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста во јавниот сектор.

Во текот на септември со одлука на Владата на РМ, ЕСЕ е вклучено во работната група за следење на имплементацијата на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014

– 2016 и тоа во работните групи кои работат на слобода на информации и фискална транспарентност.

Во периодот од октомври – декември, 2014 година, ЕСЕ достави забелешки и препораки за имплементацијата на мерките од компонентата 3 (слобода на информации) од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година до координаторот на работната група (Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер) и предлог за изменување и дополнување (унапредување) на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерството за правда и КОМСПИ, како обврска на ЕСЕ која произлегува од Акцискиот план.Во истиот период беа подготвени забелешки и препораки за имплементацијата на мерките од компонентата 5 (ефикасно управување со јавни ресурси и фискална транспарентност).

Преку спроведување на овие активности во 2014 ги постигнавме следните резултати:

- подготвени и доставени вкупно 891 барања за пристап до информации од јавен карактер до 47 јавни институции; поднесени 363 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- спроведен мониторинг на интернет страниците на 18 јавни институции
- усвоени 11 предлог мерки на Здружението ЕСЕ во Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година
- вклучување во работните групи за следење на имплементацијата мерките усвоени под компонентите слобода на информации и фискална транспарентност од Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година
- подготвен превод на два водича од областа на транспарентност и отчетност на јавните институции
- презентирани искуствата од процесот на подготовка на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2014 – 2016 година и наодите од независниот мониторинг механизам ко се однесуваат на имплементацијата на истиот акциски план во претходниот, на Европската конференција за Отворено Владино Партнерство во Даблин; и воспоставена соработка со четири граѓански организации од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора

# ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА, ПСИХОЛОШКА И ЗДРАВСТВЕНА ИНФОРМАЦИЈА И ПОМОШ НА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

**Центар за правна помош на жртви на семејно насилство.** Центарот за правна помош при ЕСЕ и во текот на 2014 година продолжи со обезбедување на правна помош, подготовка на правни поднесоци (жалби, тужби, претставки, поднесоци, ургенции и др.), упатување на клиентите до соодветни надлежни институции за остварување на нивните права, како и обезбедување на бесплатно судско застапување на одреден број жртви на семејно насилство. Корисници на услугите во Центарот за правна помош се жените жртви на семејно насилство, како и други ранливи категории на жени (жени кои живеат во неповолни социо-економски услови, жени од одредени етнички заедници, со повеќе деца и др.). Оваа година во Центарот за правна помош за прв пат се обратиле 156 клиенти, кои реализирале вкупно 423 индивидуални средби со членови на стручниот тим (адвокат, правник и психолог). Од вкупниот број клиенти кои се обратиле во Центарот за правна помош, најголем дел, односно 87 клиенти биле заинтересирани за иницирање на постапка за развод на брак. Петнаесет од клиентите се интересирале за иницирање на кривична постапка, а пак девет се интересирале за итна заштита од семејно насилство, при што на истите им бил изготвен предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Од вкупниот број на странки кои се обратиле во Центарот за правна помош, 72 изјавиле дека се жртви на психичко насилство, 60 дека се жртви на физичко насилство и 14 изјавиле дека се жртви на сексуално насилство. Во 2014 година, бесплатно се застапувани вкупно четири случаи на семејно насилство.

**Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство.** Во текот на 2014 година, во психолошкото советувалиште се обратиле вкупно 40 клиенти, а пак одржани се вкупно 86 индивидуални средби. Од вкупниот број клиенти кои се јавиле за прв пат, имало вкупно 38 жени и двајца мажи. Триесет и пет од клиентите кои се јавиле во психолошкото советувалиште побарале помош во врска со семејно насилство. Психичко страдање е регистрирано кај 34 од клиентите, при што шест доживеале физичко насилство, пет економско и четири сексуално насилство. Психологот, во 2014 година реализирал 52 советувања, 32 тераписки интервенции, една тераписка седница и една психотераписка седница. По завршеното советување кај пет од клиентите нема промена на состојбата, кај 11 е регистрирано подобрување на психичката состојба, четири го подобриле квалитетот на комуникација со семејството, девет се уште доаѓаат на закажаните термини и за 11 од клиентите немаме повратни информации бидејќи не дошле на следниот закажан термин.

**Здравствен информативен центар.** Здравствено информативниот центар во текот на целата година обезбедува здравствени совети на жените преку телефонска линија и директни средби; обезбедува информации за местата и видот на здравствени услуги кои им се потребни на жените; обезбедува директни здравствени услуги како што се одредување на параметри во крвта: шеќер, холестерол и триглицериди, како и мерење на крвен притисок. Во 2014 година вкупно 50 клиентки го посетија здравствениот информативен центар за совети или користење на директни услуги. При тоа 29 клиентки

се обратиле во центарот за совети поврзани со остеопорозата, додека 21 клиентка се обратила за проверка на параметри во крвта и мерење на крвен притисок.

**Организирање на новогодишна забава.** Во текот на месец септември, 2014 година беа доставени вкупно 30 барања до компании и организации од Р. Македонија со цел барање на донација од дел од својот асортиман, а кој ќе се искористи за подготовка на новогодишни пакетчиња на децата на жртвите на семејно насилство регистрирани во Центарот за правна помош на ЕСЕ. Барањата беа доставени преку електронска пошта на официјалните е - маил адреси на потенцијалните донатори. Од поднесени вкупно 30 барања, шест (6) компании и организации помогнаа и се вклучија во реализација на Новогодишната забава. На новогодишната забава присуствуваа вкупно 36 деца и нивните родители, клиенти на Центарот за правна помош и Психолошкото советувалиште при Здружение ЕСЕ, како и претставници на донаторите и персоналот на ЕСЕ. Вкупно беа поделени 40 новогодишни пакетчиња. Како поддржувачи на Новогодишната забава се вклучија: ЗОО градина; Ротари Клуб; Ротаракт Клуб; Макпрогрес; Еурофарм; Кожувчанка и Синалко.

Во 2014 година беа постигнати следните резултати:

- 156 нови клиенти се обратиле за помош во Центарот за правна помош за жртви на семејно насилство;
- реализирани 423 индивидуални средби за обезбедување на правна помош и поддршка;
- бесплатно се застапувани четири жртви на семејно насилство;
- 40 клиенти се обратиле за психосоцијална поддршка и третман во психолошкото советувалиште за жртви на семејно насилство;
- 50 лица ги користеле услугите на Здравствениот информативен центар (добивање на здравствена информација и обезбедување на директни здравствени услуги);
- организирана новогодишна забава и обезбедени новогодишни пакетчиња за 40 деца.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СУДСКА ЗАШТИТА ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во првата половина на 2014 година продолживме со спроведување на активностите во рамките на проектот за унапредување на степенот на судска заштита на жртвите на семејно насилство преку мониторинг на судските постапки за изрекување на привремените мерки за заштита.

Во текот на 2014 година беа реализирани подолу наведените активности.

**Следење на за постапките за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство- ПМЗ и собирање на податоци.** Податоците за следење на работата на судовите се одвиваше врз основа на набљудување на тековни судски предмети, како и со спроведување на увид во завршени судски постапки од ваков вид. Притоа, заклучно со предметите од декември 2013 година, во текот на 2014 година беа опфатени вкупно 84 судски предмети, односно беше спроведено набљудување/увид на 168 судски рочишта. Со мониторингот на граѓанските судски постапки за заштита на жртвите на семејно насилство се спроведе во основните судови во следните градови: Битола, Куманово, Штип, Струмица, Велес, Радовиш, Делчево, Дебар, Гостивар и Тетово.

**Подготовка и публикување на Водич за привремени мерки за заштита на жртвите на семејно насилство.** Водичот има за цел да ги информира жртвите за текот на постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од страна на судот, односно да ги охрабри да иницираат судска постапка од таков вид за нивна заштита. При подготовката на Водичот консултирани беа и жртвите на семејно насилство преку организирање на фокус група. На истите им беше презентирана содржината на водичот, при што дополнително беа обезбедени сугестии и предлози од нивна страна кои би им помогнале на оние жени кои во иднина ќе иницираат судска постапка од ваков вид. Водичот се испечати во 3000 примероци и истиот се дистрибуира преку Центарот за правна помош при ЕСЕ.

**Подготовка и публикување на анализа за судското постапување во постапките за изрекување на ПМЗ.** По внесувањето на податоците истите беа обработени (фреквенции и вкрстувања) и искористени за подготовка на анализата. Анализата за постапувањето на судовите при изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство ги соддржи следните компоненти од судската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство: начин на подесување на предлог до суд; итност на постапката; видови на предложени и изречени мерки на заштита; времетраење на изречените мерки; паралелно користење на кривично-правна и граѓанско правна заштита; заклучоци и препораки. По подготовката на анализата беа одржани индивидуални состаноци со дел од основните судови со цел дискусија на првичните наоди од анализата. Претставниците на судовите кои беа посетени имаа можност да дадат свое мислење, односно препораки за унапредување на утврдената состојба. Дел од препораките се однесуваа на ослободување на жртвата од плаќање на судски такси во граѓанските постапки за изрекување на ПМЗ, како и создавање на наменски фонд за жртвите кои имаат поведено вакви постапки за нивна заштита. Анализата беше финализирана по организирањето на форумот за судии, при што заклучоците и

препораките од настанот беа инкорпорирани во самиот документ. Анализата се испечати во 500 примероци.

**Организирање на форум за судии.** На ден 08.07.2014 година во Конгресниот центар на Скопски Саем се организираше форумот под наслов „Судски постапки за заштита од семејно насилство – можности за унапредување“. На форумот присуствуваа вкупно 22 претставници од основните судови (тројца претседатели на судови), адвокати, претставници на Проектот на УСАИД за граѓанско општество, ЕСЕ и Коалиција сите за правично судење. Наодите од анализата, како и целите на проектот беа презентирани од страна на претставниците на ЕСЕ. На форумот свое обраќање имаа и дел од судиите со кои ЕСЕ воспостави соработка во рамките на проектот. По презентирањето на наодите и позитивното искуство од судовите се отвори насочена дискусија помеѓу судиите врз основа на претходно подготвени прашања од главните наоди од анализата: причини за повлекување на предлогот од страна на жртвата; неплаќањето на судската такса; бројот на оддржани рочишта во предметите; причини за одолговлекување на постапката; дискусии по конкретни ПМЗ- задолжително лекување; казни за непочитување на решението за изрекување на мерките и др. Предмет на дискусија беа и одредбите од новиот нацрт Закон за заштита од семејно насилство кои се однесуваат на судската постапка за изрекување на ПМЗ. Во рамките на дискусијата претставниците од останатите судови го презентираа своето искуство и начин на постапување во судските постапките од ваков вид. За време на дискусија по наведените прашања, судиите утврдија и препораки за надминување на недостатоците и унапредување на степенот на судска заштита на жртвите на семејно насилство.

**Во 2014 година беа постигнати следните резултати:**

- подготвена и испечатена анализа со препораки за унапредување на граѓанските судски постапки за заштита на жртвите на семејно насилство
- подготвен и испечатен Водич за привремени мерки за заштита од семејно насилство
- организиран е форум за судиите кои постапуваат во граѓанските судски постапки од ваков вид

**ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА**

И покрај тоа што државата има усвоено законски одредби за заштита на жртвите на насилство и дискриминација, сепак сеуште не постои ефективна правна заштита за жените - жртви на семејно насилство, жените - жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство, и сексуалните работнички. Оттука, во месец октомври 2014 година ЕСЕ во партнерство со Ла Страда и Коалицијата за здравствени и сексуални права на маргинализирани заедници започнаа со реализација на проектот на УСАИД за правна заштита на жените, чија основна цел е обезбедување адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација: семејно насилство, трговија со жени, сексуално насилство, сексуални работнички. Конкретните цели кои треба да се реализираат во рамките на овој проект се следните: проценување на степенот на судска заштита која им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW); идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измени и дополнување на законска рамка за заштита; зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.

Проектот се спроведува на национално ниво и истиот ќе резултира во: подобрена имплементација на националните и меѓународните стандарди за судска заштита на жените жртви на дискриминација и насилство; унапредена национална законска рамка за заштита на правата на жените; поефикасни граѓански организации во обезбедувањето на правна помош на жените жртви на дискриминација и насилство.

Во проектот е предвидено спроведување на подготвителни активности, како и конкретни активности под секоја проектна цел.

Во периодот октомври-декември 2014 година беа презмени повеќе активности меѓу кои:

**Подготвителни активности.** Беа организирани неколку подготвителни состаноци со партнерските организации кои резултираа со потпишување на договори, утврдување на меѓусебните задачи и одговорности, подготовка на планот за мониторинг и евалуација на проектот и др.

**Проценка на степенот на судска заштита која се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** За потребите на постигнување на оваа цел нја проектот во 2014 година беше формирана работна група[1] за подготовка на прашалници за собирање на податоци за судовите (прашалници за основни податоци и прашалници за судско набљудување); беа одржани три работни средби и беа подготвени прашалници за собирање на основни податоци за постапувањето на судовите во постапките поврзани со насилство и дискриминација врз жените за периодот 2012-2014 година.

[11] Во работната група учествуваа судии, адвокати, жени жртви на насилство и дискриминација, претставници од ЕСЕ и партнерските организации.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во рамките на оваа цел од проектот во периодот октомври-декември 2014 година беше обезбедена правна помош за 98 жени жртви на насилство и дискриминација и беше обезбедено психолошко советување за 17 жени.

Во текот на 2014 година беа постигнати следните резултати:

- формирана е работна група за подготовка на прашалници за собирање на податоци од судовите;
- подготвени се прашалниците за собирање на основите податоци од судовите (вкупно 5);
- обезбедена бесплатна правна помош и совети на околу 270 жени жртви на насилство и дискриминација.

**АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО**

Во периодот од октомври до декември 2014 година, здружение ЕСЕ со финансиска поддршка на CNV International, спроведе активности кои имаат за цел подобрена имплементација на Законот за заштита од вознемирување на работно место. Предвидените активности беа насочени кон постигнување на следните специфични цели: утврдување на степенот на имплементација на Законот за заштита од вознемирување на работно место; утврдување на степенот на информираност помеѓу вработените од јавниот и приватниот сектор за новините во Законот за заштита од вознемирување на работно место, како и состојбата во однос на промовирањето на механизмите за заштита предвидени во законот.

Имено, за потребите на подготовка на анализа за степенот на имплементација на Законот за заштита од вознемирување на работно место, беа прибрани квантитативни и квалитативни податоци преку користење на неколку методолошки инструменти, и тоа интервјуа, фокус групи и барања за информации од јавен карактер, по што беше спроведена постапка за анализирање на севкупните податоци.

Со цел прибирање на квалитативни податоци за предметната анализа, во месец октомври беа подготвени прашалници за спроведување на интервјуа со одговорни лица од државни институции и приватни компании, односно раководители, менаџери или лица одговорни за човечки ресурси или правни прашања кои имаат сознанија за степенот на имплементација на овој закон. Наедно, беа подготвени и сценаријата за фокус групи наменети за вработените во јавниот и приватниот сектор. Во месец ноември беа реализирани: 17 интервјуа со претставници на јавен сектор, 17 интервјуа со претставници на приватни компании, две интервјуа со претставници на синдикални организации и две фокус групи со лица вработени во јавен и приватен сектор. Дополнително, квантитативните информации беа обезбедени преку барањата за пристап на информации од јавен карактер, при што беа добиени податоци во однос на: број на поднесени пријави до Државниот инспекторат за труд, број на поднесени тужби до основни судови за вознемирување на работно место, како и бројот на поднесени претставки до Комисијата за заштита од дискриминација за случаи на дискриминација на работно место, вклучувајќи и случаи на вознемирување на работно место.

По добиените податоци, здружение ЕСЕ подготви анализа во кои се наведени клучните недостатоци во однос на неимплементирањето на законските одредби од Законот за заштита од вознемирување на работно место, како и препораки за унапредување и соодветна имплементација на истите. Дополнително, со цел пошироко промовирање на Законот за заштита од вознемирување на работно место помеѓу вработените од јавниот и приватниот сектор, здружение ЕСЕ подготви Водич за заштита од вознемирување на работно место.

Подготвената анализа е испечатена во 1000 примероци, а пак водичот е испечатен во 2000 примероци.

Во текот на 2014 година беа постигнати следните резултати:

- утврден е степенот на имплементација на Законот за заштита од вознемирување на работно место;
- утврден е степенот на информираност на вработените во однос на предметниот закон;
- подготвена и испечатена анализа и водич за заштита од вознемирување на работно место.

**ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Надоместот на штета е од суштествено значење за успешно реинтегрирање на жртвите на трговија со луѓе и превенирање на оваа појава во нашата земја, па оттаму во рамки на проектот Balkans act now! Спроведуван од Отворена порта - Ластрада Македонија, во периодот мај до октомври, 2014 подготвивме анализа која има за цел да ги утврди законските можности/услови за остварување на ова право на жртвите на трговија со луѓе во нашата земја  и да даде препораки по однос на поефикасно и поекспедитивно остварување на ова право. Во таа насока ги анализиравме законските можности за остварување на ова право во граѓанска и кривична постапка, како и начинот на нивно остварување во сите фази на овие постапки. За жал наодите од оваа анализа по однос на остварувањето на ова право во судска постапка укажуваат на крајно неповолна положба на жртвата на трговија и нејзина изложеност на трошоци кои согласно на видот на ова право изискуваат добра материјална состојба на жртвата.

Прашањето на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ е прашање кое е од релативно понов датум и неговото актуелизирање се должи пред се на напорите кои ги презема Отворена порта - Ластрада Македонија за олеснет пристап и остварување на ова право во нашата земја. Оваа организација заедно со организациите кои работат на прашањето на трговија со луѓе во 14 европски земји членуваат во европската коалиција Compact  чија основна цел е воведување и остварување на ова право.

Анализата беше подготвена во консултации со Отворена порта и еден од долгогодишните соработници на ЕСЕ на полето на казнено право и постапка. Наодите на анализата беа презентирани на регионалната конференција "Пристап до правото за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе во регионот" која се одржа на 17-18 октомври, 2014 година во Белград.

Во текот на 2014 година беа постигнати следните резултати:

- утврдени законските можности за остварувањето на правото на обесштетување на жртвите на трговија;
- утврдени се потешкотиите во остварувањето на ова право.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2014 – ДЕКЕМВРИ 2014

## Биланс на состојба за 2014 година

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО АКТИВА** | **10,638,537** |
| | |
| **Постојани средства** | **7,883,590** |
| Нематеријални вложувања | 0 |
| Материјални вложувања | 7,883,590 |
| | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни конта** | **2,754,947** |
| Парични средства | 1,606,875 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 980,162 |
| Активни временски разграничувања | 167,910 |
| | |
| **Материјали, резервни делови, ситен инвентар, производство, производи и стоки** | 0 |
| **Непокриени расходи** | 0 |
| **Средства на резерви** | 0 |
| **Средства за други намени** | 0 |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПАСИВА** | **8,294,481** |
| | |
| Извори на средства | 5,539,534 |
| Ревалоризациона резерва | 0 |
| Долгорочни обврски | 0 |
| Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки | 167,910 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 |
| Резервен фонд | 0 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите - добивката | 2,587,037 |
| Извори на средства за други намени | 0 |

**Преглед на приходи и расходи за 2014 година**

| | |
|---|---|
| Приходи | 16,738,123 |
| Расходи | 14,151,086 |
| Вишок на приходи | 2,587,037 |

| Приходи по основи и донатори | износ во МКД |
|---|---|
| **1. Пренесен вишок од претходна година** | **5.917.822,00** |
| **2. Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **22.848,00** |
| **3. Приходи од членарина, подароци и донации** | **10.797.453,00** |
| - ФООМ за проект: Мониторинг на буџети | 7.609.164,00 |
| - ФООМ за проект: Документирање – здравје на Ромите | 501.416,00 |
| - ФООМ за проект: Параправна помош | 0,00 |
| - ФООМ за проект: Човекови права во здравствена заштита | 0,00 |
| - УСАИД за проект: Граѓанско општество | 556.979,00 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 976.079,00 |
| - ЦНВ за проект: Вознемирување на работно место | 922.575,00 |
| - Отворена Порта за проект: Балкан делувај | 154.206,00 |
| - Приходи од други извори | 77.034,00 |
| **Вкупно** | **16.738.123,00** |

| Расходи по донатори | износ во МКД |
|---|---|
| - ФООМ за проект: Мониторинг на буџети, Грант бр. 9767 | 3.131.187,00 |
| - ФООМ за проект: Мониторинг на буџети, Грант бр. 9811, 9812, 9813 | 3.532.979,00 |
| - ФООМ за проект: Документирање – здравје на Ромите | 0,00 |
| - ФООМ за проект: Параправна помош, Договор бр. 03-804 | 879.900,00 |
| - ФООМ за проект: Човекови права во здравствена заштита Договор бр. 03-1039 | 1.795.894,00 |
| - ФООМ за проект: УСАИД Граѓанско општество , Грант бр. 9691 | 784.977,00 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 975.366,00 |
| - ЦНВ за проект: Вознемирување на работно место | 867.405,00 |
| - Отворена Порта за проект: Балкан делувај | 153.424,00 |
| - Отанати расходи | 2.029.954,00 |
| **Вкупно** | **14.151.086,00** |